Врз основа на член 24 од Правилникот за натпреварување на ОФМ и член 49 од Пропозициите за натпреварување во државните лиги на ОФМ, за натпреварувачката 2025/2026 година се пропишува

**УПАТСТВО**
**За работа на ДЕЛЕГАТИ на натпреварите од одбојкарските лиги на ОФМ**

За секој првенствен натпревар во Првата лига – мажи и жени и Втора лига-жени , во сите фази на натпреварување, Play Off и Финалето на Куп на ОФМ, Комесарот за натпреварување на ОФМ одредува Делегат/Делегат-Контролор (Комесар).

Делегатот/Делегатот-Контролор го застапува Комесарот и одговорен е за целокупната организација на натпреварот, како спортска приредба и за доследно почитување на Правилникот за натпреварување на ОФМ и Пропозициите за натпреварување за натпреварите во Првата лига – мажи и жени и Втора лига-жени, за натпреварувачката 2025/26 година.

Негова задача е да соработува со техничкиот организатор на натпреварот и службените лица и донесува потребни одлуки, неопходни за регуларност на натпреварот.

Делегатот/Делегатот-Контролор му доставува на Комесарот за натпреварување : **Записник од натпреварот, копии од патни налози** ( кои ги наплатиле службените лица ) и **копија од пријавата на натпреварот во МВР**, после натпреварот. Делегатот е должен да му достави на Комесарот и посебен **Извештај со потребните изјави**, доколку имало забелешки на регуларноста на натпреварот или какви било други ситуации кои се во спротивност со нормалниот тек на организација и одигрување на еден натпревар.

Делегатот е должен да го пополни **Извештајот за резултатот од натпреварот** (**формулар ДЛ-01**) и **Делегатскиот извештај** (**формулар ДЛ-02**) и да му го достави на Комесарот за натпреварување најдоцна до 10 часот прв нареден работен ден после натпреварот,на мејл адреса: komesar@vfmkd.mk.

**ДОЛЖНОСТИ**
**на ДЕЛЕГАТИТЕ**
**на натпреварите од одбојкарските лиги**

1. Најдоцна **75 минути** пред определеното време за почеток на натпреварот да се јави на Претставникот на клубот-домаќин во салата во која се игра натпреварот.
2. Заедно со Претставникот на клубот-домаќин е должен да оствари увид во подготвеноста на салата за нормално одигрување на натпреварот, како што е дефинирано со Пропозициите за натпреварување на ОФМ, барајќи да се отстранат евентуално воочените неисправности во рок од **30 минути пред почетокот на натпреварот.**
3. Констатира дали во салата се наоѓаат сите предвидени органи и лица, неопходни за нормално одигрување на натпреварот.
4. Делегатот/Делегатот-контролор има овластување да бара од Претставникот на клубот-домаќин зајакнување на редарската служба и службата за обезбедување, ако процени дека пропишаниот минимален број на истите лица не е доволен за безбеден тек на натпреварот.
5. Да ја пополни првата страна од Делегатскиот извештај (формулар ДЛ-02), која треба да ја потпише Претставникот на клубот-домаќин.
6. Да изврши преглед на формуларот ФЛ-01/03 (листа на одобрени играчи со натпреварувачки број-лиценца), документи за лична идентификација и СЕ-01-список на екипа, и го утврди правото за настап на Играчите, Тренерите, Лекарите, Физиотерапевтите и Статистичарите, според одредбите од Правилникот за натпреварување на ОФМ и Пропозициите за натпреварување на ОФМ.
7. За време на натпреварот Делегатот-контролор седи покрај Записничарот и Ракувачот на семафор, го следи текот на натпреварот и ги регистрира настаните, кои можат да бидат од значење за составување на Делегатскиот извештај. Преку Претставникот на клубот-домаќин ги разрешува сите евентуални проблеми врзани за нарушувањето на нормалните услови за одигрување на натпреварот. Доколку тоа не е можно, со помош на Вториот судија, му сигнализира на Првиот судија да го прекине натпреварот, за да се создадат неопходни услови за продолжување на натпреварот во салата.
8. Делегатот одредува каде ќе седи Дежурниот лекар. Делегатот е должен да овозможи на записничката маса да седи, ако тоа го сака, „Специјалниот набљудувач“. Делегатот/Делегатот-контролор е должен да му дозволи ( на негово барање и со приложено овластување) на еден Претставник на гостинската екипа да седи на, од страна или позади записничката маса (во зависност од условите во салата).
9. Сите спорни настани, кои не се однесуваат на правилата за игра, Делегатот/Делегатот-контролор ги решава заедно со Првиот судија и официјалните Претставници на клубовите. Сите вакви одлуки се внесуваат во Записник во делот на забелешки.
10. Во текот на натпреварот на Делегатот/Делегатот-контролор **му е забрането** да влијае врз одлуките на судиите од стручен карактер, јавно да ги коментира или прави гестови по истите.

11. По завршувањето на натпреварот,Делегатот/Делегатот-контролор е должен, со помош на Претставникот на клубот-домаќин и редарската служба, да обезбеди слободен простор околу записничката маса, за извршување на административни работи во Записникот од страна на Првиот и Вториот судија.
12. Капитените на двете **екипи се должни,** по завршување на натпреварот, да го потпишат Записникот**. Делегатот/Делегатот-контролор е должен да му го издиктира, на Записничарот, текстот на евентуалниот Протест** (образложен со основните мотиви), или забелешки, кои потоа ги потпишува Капитенот на заинтересираната екипа.
13. Во случај да се дадени **Забелешки** за регуларноста на натпреварот, Делегатот/Делегатот-контролор е должен да напише **посебен Извештај**, да го изнесе своето видување за целиот настан и да достави Изјави од учесниците на настанот, неопходни за согледување на комплетниот проблем и донесување на потребните одлуки.
14. Ако во текот на натпреварот дошло до спорни ситуации по вина на службените лица, Делегатот/Делегатот-контролор е должен тоа да го опише во **посебен Извештај**, и од одговорните лица да земе писмени Изјави, кои ги приложува со Извештајот.
15. Ако некој од клубовите најави Протест од одиграниот натпревар, Делегатот/Делегатот-контролор е должен во **посебен Извештај** да го изнесе своето мислење за Протестот и да собере и приложи докази, врз основа на кои Комесарот за натпреварување ќе донесе своја одлука.
16. Ако Првиот судија дисквалификувал некој член од екипата, (доделил жолт и црвен картон заедно), Делегатот/Делегатот-контролор е должен, после натпреварот да ги сослуша и земе изјави од дисквалификуваните лица (доколку е тоа возможно), како и изјава од Првиот судија и другите официјални лица, ако тоа е потребно.
17. Во Делегатскиот извештај, Делегатот-контролор е должен да даде описни оценки за работата на сите членови на судискиот колегиум.
18. Делегатот/Делегатот-контролор е должен на секој натпревар да ги има сите неопходни признаници, формулари и резервен Записник, кои ги обезбедува Канцеларијата на ОФМ.
19. Записникот од одиграниот натпревар, Делегатскиот извештај, копија на патните налози и сите споменати дополнителни Извештаи и Изјави, (ако ги има), Делегатот/Делегатот-контролор е должен првиот работен ден по одигрување на натпреварот да ги испрати со препорачана пошта или лично ги достави на адреса:

- **Одбојкарска Федерација на Македонија (** за Комесар за натпреварување)
- **Поштенски фах 118, 1000 Скопје (Спортска сала на КК Работнички б.б. , Градски Парк, Скопје)**

20. Најдоцна **еден час** пред почетокот на натпреварот, Делегатот/Делегатот-контролор заедно со судиите врши наплата на таксите и патните трошоци. При наплатата на патните трошоци, Делегатот/Делегатот-контролор е должен да води сметка за пропишаната наплата на истите и писмено да го извести Комесарот, ако некој од судиите постапил поинаку, односно ако некој од службените лица не патувал на натпреварот така како што е напишано во патниот налог.

21. За да може Делегатот/Делегатот-контролор совесно и до крај одговорно да ги изврши сите свои должности на натпреварот и го даде својот полн придонес во регуларноста на натпреварувањето, должен е добро да ги проучи Правилникот за натпреварување на ОФМ, Меѓународните одбојкарски правила, Пропозициите за натпреварување на ОФМ и Упатството за организација на натпревари, како и наведените акти да ги има секогаш со себе при вршењето на својата должност.
22. Делегатот/Делегатот-контролор, кој во вршењето на својата должност не постапи по ова Упатство, или со своите постапки придонесе Комесарот да не добие објективни и благовремени податоци за одиграниот натпревар, за својата постапка сноси одговорност пред Комесарот за натпреварување.
23. Одлуката за казните и суспензиите во прв степен ја донесува Комесарот на натпреварувањето.

Скопје, октомври 2025 година

**КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА ОФМ**

*Никчевиќ Сања*